Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 63 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на РСМ" бр.32/20 и 111/23), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и шестата пленарна седница одржана на 28 февруари 2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за донесување на План за Парцелација од "Урбанистички проект со план за парцелација за поделба на градежна парцела ГП 11.4 со намена А2 - домување во станбени згради, согласно ДУП Градска Четврт Ј20 Блок 07 Општина Кисела Вода - Скопје"**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува План за Парцелација од "Урбанистички проект со план за парцелација за поделба на градежна парцела ГП 11.4 со намена А2 - домување во станбени згради, согласно ДУП Градска Четврт Ј20 Блок 07 Општина Кисела Вода - Скопје".

Со "Урбанистичкиот проект со план за парцелација за поделба на градежна парцела ГП 11.4 со намена А2 - домување во станбени згради, согласно ДУП Градска Четврт Ј20 Блок 07 Општина Кисела Вода - Скопје" се врши разработка на Деталниот урбанистички план за блок Ј 20.07, Градска четврт Ј 20, Реон Ј, Општина Кисела Вода - Скопје (Одлука бр.09-2838/18 од 11.04.2017 година, Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.04/18).

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Графичкиот прилог: План за Парцелација од "Урбанистичкиот проект со план за парцелација за поделба на градежна парцела ГП 11.4 со намена А2 - домување во станбени згради, согласно ДУП Градска Четврт Ј20 Блок 07 Општина Кисела Вода - Скопје".

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во "Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-1850/12
28 февруари 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски

СВ/РД